ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-172/6**

**Дата: 22.12.2011**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ „УСЛУГА" БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за комунални работи „Услуга" Берово за 2010 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Јавното претпријатие за комунални работи „Услуга" Берово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските активности за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи е изразено негативно мислење.

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување и наплата на приходите од дадените комунални услуги, утврдивме постоење на ризици кои влијаат на наплатата и врз целосноста на приходите, и покрај тоа што се воспоставени разграничени надлежности согласно актот за систематизација во процесот на утврдување, наплата и контрола.
Присутна е состојба на значителна загуба на вода во системот за водоснабдување која изнесува околу 60% од испорачаната вода од филтер станицата во водоснабдителниот систем. За тоа постојат објективни причини и состојби на кои може да се влијае за подобрување во идниот период, во врска со што и надлежните во јавното претпријатие преземаат мерки.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

Во 2010 година јавното претпријатие има искажано загуба од работењето, а исто така има пренесено загуба од поранешни години, од 2005 до 2007 година. Истовремено, за процентот на зголемување на цената на комуналните услуги во 1998 година за 4% (цената за потрошена вода, канализација и собирање и исфрлање на смет и отпадоци), до 2007 година наместо да книжи приход има евидентирано обврски спрема фудбалски клуб, средства за финансирање на активности на клубот, иако со Одлуката за покачување на цената на комуналните услуги такво нешто не е предвидено. По овој основ и во 2010 година останало салдо на обврски, кое е нереално и има влијание на финансискиот резултат.

Пописот на средствата и изворите на средства не се извршува целосно. Во пописните листи се наведени само називот на средствата и количината утврдена со пописот, со исклучок кај пописните листи за кусокот и вишокот, во кои има состојба според пописот и состојба во сметководството.
Управниот одбор на јавното претпријатие нема донесено одлука за начинот на постапување со утврдениот кусок и вишок со пописот во магацинот за суровини и материјали. Во сметководството без одлука од Управниот одбор е спроведено евидентирање со зголемување на расходите за кусокот и зголемување на приходите за вишокот.

Ревизијата сака да обелодени дека јавното претпријатие со состојба на 31.12.2010 година има евидентирани неизмирени обврски по основ на неплатени даноци и придонеси во износ од 20.446 илјади денари од кои долгот по основ неплатени даноци во износ од 10.878 илјади денари се регулирани со одложено плаќање, кој треба да се плаќа почнувајќи од 24.02.2013 до 24.02.2023 година, на 120 месечни рати.
За доспеаните неизмирени обврски по основ на придонес за пензинско и инвалидско осигурување во износ од 8.172 илјади денари и за придонес за вработување во износ од 1.396 илјади денари не е извршено регулирање на плаќањето поради што постои можност од присилна наплата и блокада на сметката и ризик од нерегулиран пензиски стаж за вработените.

За надминување на утврдените слабости ревизијата даде препораки кои се однесуваат на одговорното лице на субјектот исто така и за органот на надзор и контрола.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на ЈПКР „Услуга” Берово за 2010 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех и извештај за промени во капиталот за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки/образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈПКР „Услуга” Берово за годините кои и претходат на годината предмет на ревзија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Љупчо Дракалски, директор на ЈКП „Услуга“ Берово во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.06.2011 до 05.08.2011 година и од 01.09.2011 до 07.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија на 09.09. 2011 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 30 -172/3 од 14.11. 2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**3.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**Процес на утврдување и наплата на приходите од комунални услуги**

3.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување и наплата на приходите од дадените комунални услуги – редовно водоснабдување, канализација, собирање и исфрлање на смет и надоместок за користење на продажен простор на пазарот во Берово, утврдивме постоење на ризици кои влијаат на наплатата и врз целосноста на приходите по овој основ, и покрај тоа што се воспоставени разграничени надлежности согласно актот за систематизација, во процесот на утврдување, наплата и контрола поради следното:

- не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на одговорните лица и сите активности, чекори и рокови за исполнување на обврските при утврдувањето и наплатата на комуналните давачки од граѓаните, контрола за наплатените пари во готово во благајна и евиденцијата на побарувањата и наплата на приходи по овој основ;
- не е воспоставена пракса да се вршат проверки пред да бидат издадени и доставени фактурите до корисниците со цел да спречат или откријат погрешно пресметани износи на побарувања по овој основ;
- месечниот трошок на потрошена вода не се утврдува во целост врз основа на измереното (реално потрошеното) количество вода. Издадените фактури за испорачаната вода до крајните корисници се однесуваат само на околу 40% од испорачаната вода во водоснабдителниот систем (голем е процентот на загуба на вода ).

Невоспоставените контролни механизми придонесуваат за постоење несигурност во однос на целосноста на приходите што не е во согласност со одредбите на член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака:**
Директорот на ЈПКР „Услуга„ Берово:
- да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените при утврдувањето, наплатата, контролата и евиденцијата на побарувањата и наплата на приходи по основ на комунални услуги и на надоместок за користење на продажен простор на пазарот во Берово;
- да назначи лице од редот на вработените кое редовно ќе врши проверка на фактурите пред да бидат издадени и доставени до корисниците.
- да преземе мерки и активности за отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Одржување на гробиштата во градот Берово, кое опфаќа одржување на придружни објекти, улици, патеки и зелени површини во гробиштата, јавна чистота на гробиштата, гробниците и инсталациите, давањето на погребални услуги како дејности од јавен интерес се во надлежност на Општина Берово, додека управувањето со гробиштата го врши ЈПКР „Услуга" Берово. При ревизијата на приходите по основ на надоместок за солидарен фонд за погребални услуги и приходи од резервација на гробно место, се утврдени следниве состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги:
- ЈПКР „Услуга" Берово нема склучено договор со Општина Берово во кој ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски за вршење на горенаведените работи, што не е во согласност со член 14 од Законот;
- јавното претпријатие сè уште ги нема ажурирано цените на погребалните услуги донесени во 2001 година. Со стапување во сила на Законот од 2008 година, управителот на гробиштата во согласност со органите на општината е задолжен да ја определи висината на надоместокот за доделување на гробно место и на гробна такса (гробарина);
- не се склучуваат договори на неопределено време помеѓу носителот на гробното место и јавното претпријатие при доделувањето на употреба на гробното место како лична службеност, за регулирање на меѓусебните права и обврски согласно Законот;
- јавното претпријатие за одржувањето на гробиштата не наплатува гробна такса (гробарина) од носителите на гробно место.

Непочитување на законските одредби придонесува за нецелосни и помалку остварени приходи во корист на ЈПКР „Услуга" Берово.

**Препорака:**

1. Надлежниот орган за раководење на претпријатието да изготви ценовник на услугите кои претпријатието ги обезбедува на носителите на гробно место за одржување на гробиштата, истиот да биде донесен од Управниот одбор на претпријатието и да се обезбеди согласност од Советот на општината.
2. Градоначалникот на општина Берово да склучи договор со ЈПКР „Услуга" - Берово за регулирање на меѓусебните права и обврски за одржување на гробиштата во градот Берово и давањето на погребалните услуги.
3. Јавното претпријатие да склучува договори на неопределено време со носителот на гробното место при доделувањето на употреба на гробното место за регулирање на меѓусебните права и обврски согласно Законот.

3.2.2. Собранието на Општина Берово во текот на 1975 година донело Одлука за организирање на јавно претпријатие за комунални работи „Услуга" Берово без притоа да се наведе износот на средствата / основачкиот влог на основачот на претпријатието. Во 2001 година со Решението Трег. број 669/2001 година извршено е усогласување со Законот за јавните претпријатија при што повторно не е утврден основачкиот влог, ниту до денот на ревизијата. Ваквата состојба не е во согласност со членот 10 од Законот за јавните претпријатија и член 172 од Законот за трговските друштва и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и вердостојноста на искажаниот Државен јавен капитал во износ од 11.343 илјади денари и достапност на правно релевантните податоци за претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со основачот на претпријатието да преземат активности за утврдување на основачкиот влог и негово запишување во централниот регистар.

3.2.3. Јавното претпријатие во трговските книги на име неплатени придонеси од плати има искажано салдо со состојба на 31.12.2010 година во вкупен износ од 18.034 илјади денари кое се состои од обврски за пресметани а неплатени придонеси, и тоа:

- придонес за пензинско и инвалидско осигурување во износ од 8.172 илјади денари;
- придонес за задолжително здравствено осигурување во износ од 8.448 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 1.396 илјади денари и
- придонес за дополнително здравствено осигурување во износ од 18 илјади денари.

Обврските потекнуваат дел од 2005 година кога е извршено плаќање до средината на таа година и пресметани, а не платени обврски за 2006, 2007 и 2008 година. Од 2009 до 2011 година, со воведување на системот на бруто плата, придонесите се пресметувани и плаќани. Долгот од 2005 до 2008 година останал неплатен.
За обврската по основ на придонес за задолжително здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување Подрачна служба Берово, врз основа на барање од јавното претпријатие, донел Решение во 2009 година со кое долгот од 7.762 илјади денари се одлага до 31.12.2012 година, со услов за редовно плаќање на тековните обврски. (Помеѓу износот на обврската искажана кај јавното претпријатие по основ на придонес за задолжително здравствено осигурување во износ од 8.448 илјади денари и износот кај Фондот за здравствено осигурување од 7.762 илјади денари се јавува разлика од 686 илјади денари, за која субјектите треба да се усогласат).
За придонес за пензинско и инвалидско осигурување во износ од 8.172 илјади денари и за придонес за вработување во износ од 1.396 илјади денари не е извршено регулирање. Ненавременото плаќање на горенаведените обврски не е во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Ваквото постапување создава можност за помали приходи во буџетите на надлежните фондови, можност од присилна наплата и блокада на сметката на претпријатието и ризик од нерегулирани пензиски стаж и права од работен однос за вработените.

**Препорака:**
Директорот на јавното претпријатие треба да преземе активности и мерки за трајно да ја реши состојбата со надлежните институции за да ги регулираат меѓусебните должничко доверителски односи, за да се избегнат несакани, непожелни состојби.

3.2.4. Набавката на суровините и материјалите во ЈПКР„ Услуга" Берово во најголем дел се врши преку прием во магацин, меѓутоа, за дел не се врши магацински прием, туку директно се даваат во употреба. Набавките на суровини и материјали кои директно се трошат, а не се евидентираат преку магацин, немаат големо материјално значење, меѓутоа, со тоа се нарушува конзистентноста во сметководствената политика во однос на признавање на залихите. Набавката на материјали и сировини, без притоа да се изврши магацински прием создава ризик од ненаменско користење на истите.

**Препорака:**
Евидентирањето на набавката на суровините и материјалите да се врши преку магацин, со прием и издавање на истите.

3.2.5. ЈПКР „Услуга“ Берово своите активности за 2010 година ги има предвидено со Програмата за работа на претпријатието, додека со Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово за 2010 година уреден е видот, обемот, динамиката и начинот на работите што треба да се извршат за одржување на јавната чистота (миење, метење и собирање на смет) на јавни површини, како и чистење на снег во зимски услови, согласно која работите ги врши претпријатието.

При тоа, од направениот увид во документацијата ревизијата утврди дека претпријатието за извршените работи за потребите на Општина Берово (основачот) во вкупен износ од 1.364 илјади денари фактурира по паушално пресметан износ или по доставени предмер – пресметки за вршење на градежни работи, што се должи на недонесени и одобрени ценовници со утврдени цени, и тоа за следниве работи:

- одржување на јавна чистота за месеците март – ноември во вкупен износ од 302 илјади денари пресметани за износот на префрлените средства собрани од граѓаните за јавна чистота, без при тоа да пресметува и искажува данок на додадена вредност, што не е во согласност со Законот за данок на додадена вредност;
- одржување на зелени тревни површини и паркови во градот Берово (косење, собирање и изнесување на трева, кроење на дрва и грмушки, собирање и утовар на листови) во износ од 641 илјади денари, и
- извршени градежни работи: уредување на улици и тротоари на ул. Маршал Тито, одржување и реконструкција на фекална канализација и водовод на ул. Моша Пијаде и изведба на атмосферска канализација и водовод на Плоштад Димитар Беровски во Берово, активности кои не се предвидени со годишната програма за работа на претпријатието во вкупен износ од 421 илјади денари.

Исто така, Општина Берово нема склучено договор со ЈПКР „Услуга“ - Берово во кој ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски за вршење на горенаведените работи, што не е во согласност со член 24 од Законот за локална самоуправа.

Нерегулираните односи помеѓу јавното претпријатие и Општината има влијание на реалноста на остварените приходи и финансиските извештаи.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење да ги регулираат односите со Општината во однос на обемот на услугите, цените, контролата и потврдата на обемот на извршените работи од страна на ЈПКР “Услуга’.

**3.3. Финансиски извештаи**

3.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата за 2010 година кај ЈПКР „Услуга„ Берово не е извршен во целост поради тоа што:

- пописните листи за извршениот попис на нематеријалните средства, материјалните средства, залихите на суровини и материјали, резервни делови и ситен инвентар, освен пописните листи за утврден кусок и вишок на залихата на суровини и материјали во магациин, не ги содржат сите потребни податоци туку истите се состојат од назив на средствата и количина утврдена со пописот. Нема податоци за состојбите според сметководствената евиденција и евентуалните разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба;
- не е извршен попис на побарувањата и обврските и не е утврдена реалноста на искажаните износи и причините за ненавремената наплата, односно исплата на истите.

Претходно наведеното не е во согласност со член 473 од Законот за трговските друштва и членот 10 и 13 од Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
Непреземањето на потребни активности и мерки за спроведување на целосен попис придонесува за неусогласување на сметководствената евиденција со состојбата утврдена со пописот, со што се создава ризик од нереално искажани состојби на средствата и изворите на средствата во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да ги задолжат пописните комисии пописот да го извршуваат согласно Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба во функција на целосно извршување на пописот.

3.3.2. На сметката Останати вонредни - невообичаени приходи евидентиран е износ на вишок утврден со пописот и искажан од страна на пописната комисија во посебна пописна листа за вишок на материјали во износ од 195 илјади денари а на сметката Кусоци на материјали евидентиран е износ на кусок утврден со пописот и искажан од страна на пописната комисија во посебна пописна листа за кусок на материјали во износ од 166 илјади денари. За потврдување на вишокот и кусокот, нема Одлука на Управниот одбор на јавното претпријатие, што не е во согласност со членот 19 од Законот за јавни претпријатија и членот 15 од Статутот на јавното претпријатие каде се пропишани надлежностите на Управниот одбор. Во сметководството вишокот и кусокот без Одлука на Управниот одбор се евидентирани како вонреден приход односно расход на терет на претпријатието. Ваквото постапување кое не е во согласност со статутот на претпријатието создава можност од нереално искажување на приходите и расходите.

**Препорака:**
За решавање, ликвидирање на утврдениот кусок или вишок, по предлог на комисијата за попис, Управниот одбор треба да донесе одлука, а врз основа на истата надлежните во сметководството да спроведат соодветно евидентирање.

3.3.3. На ревизијата не и беа презентирани документи за потврдување на основот за евиденција и периодот од кога потекнуваат износите кои јавното претпријатие ги искажало во Билансот на состојба на следниве позиции:

- Вредносно усогласување на долгорочните финансиски вложувања во износ од 703 илјади денари;
- Побарувања од поврзани субјекти во износ од 8 илјади денари; и
- Останати платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) во износ од 98 илјади денари.

Вака утврдената состојба не е во согласност со член 472 Законот за трговски друштва и влијае на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**
Надлежните лица во сметководство да ги преземат потребните активности за утврдување на реалноста на овие позиции.

3.3.4. Според евиденцијата со која располага јавното претпријатие за 2010 година во водоснабдителниот систем испорачани се 1.131 илјади м3 вода за пиење, а фактурирани се 453 илјади м3 вода за пиење, што претставува 40,05% фактурирана количина во однос на испорачаната. Од надлежните лица на претпријатието ревизијата доби објаснување за факторите кои придонесуваат за загуба на вода во системот: дневно прочистување на филтер станицата, оптимизација на третираната вода при внесување во резервоар, загуби во регионалната мрежа поради понирање на водата на одредени места, постоење на диви приклучоци, постоење на градски фонтани и друго. И покрај тоа што на терен службите работат за откривање и отстранување на горенаведените причинители (фактори), претпријатието не успеало загубата на вода која се испорачува до корисниците да ја сведе на минимум, што не е во согласност со одредбите на Законот за водите. Утврдената разлика која постои помеѓу фактурираната во однос на испорачаната вода (загуба на вода) има влијание на остварените приходи во корист на претпријатието и на финансискиот резултат.

**Препорака:**
Надлежните органи на раководење и управување со претпријатието да преземат мерки и активности за отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем и да пристапат кон развивање и одржување на ефикасен и економичен систем на начин кој нема да доведе до намалување на

квалитетот на водата за пиење, ќе се обезбедува во доволни количини и ќе овозможи реално и објективно фактурирање на потрошените количини на вода за пиење.

3.3.5. На сметката Приходи од вонредна продажба на значаен дел од постојните средства евидентиран е износ од 665 илјади денари. Овој износ произлегува од наплата на надоместок за јавна чистота согласно Законот за јавна чистота и Одлуката на советот на Општина Берово, за определување на висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Берово од 2009 година. Со Одлуката е утврдено секој корисник, со плаќањето на сметката за комунални услуги, да плаќа месечен надоместок за јавна чистота. Согласно членот 25 од Законот за јавна чистота, јавното претпријатие го наплатува износот на надоместокот за јавна чистота и е должно истиот да го плати, трансферира на Општината, бидејќи претставува приход на Општината, а не да го евидентира како приход во своето сметководство. Ефектот од ваквото постапување е нереално искажани приходи.

**Препорака:**
Надлежните кај јавното претпријатие наплатениот надоместок за јавна чистота да го евидентираат како обврска спрема Општина Берово и истиот да го плаќаат на сметката на Општината.

3.3.6. На сметката Долгорочни обврски е евидентирана обврска на јавното претпријатие спрема фудбалскиот клуб „Малеш„ од Берово во износ од 786 илјади денари. Истата претставува салдо пренесено од 2007 година, а е утврдено и евидентирано како 4% од цената на комуналните услуги на јавното претпријатие, од месечните сметки, фактури. Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово има донесено Одлука со која за 4% ги зголемува цените за потрошена вода, канализација и собирање и исфрлање на смет и отпадоци од 1997 година со примена од 01.01.1998 година, за која има согласност од Советот на Општина Берово, но во истата нема одредба со која е предвидено дека овие средства ќе се користат за оваа намена. Спротивно на одлуката, евидентирани се обврски, и тоа заклучно со месец јануари 2007 година од кога престанала да се евидентира таква обврска, а 4-те% да се евидентираат како приход на јавното претпријатие. Дотогаш износот од 4% не е книжен како приход на претпријатието, туку како обврска спрема Фудбалскиот клуб „Малеш„ од Берово, што не е во согласност со Одлуката на Управниот одбор. Ефект од таквото постапување е повеќе искажани обврски, помалку искажан приход и нереално искажан финансиски резултат.

**Препорака**
На предлог на директорот на јавното претпријатие Управниот одбор да донесе Одлука за отпис на оваа обврска со истовремено намалување на дел од загубата.

3.3.7. ЈПКР „Услуга" Берово во Билансот на состојба има искажано салда на сметките, Законски резерви во износ од 11 илјади денари и Акумулирана добивка во износ од 404 илјади денари. Истите претставуваат пренесена состојба од минати години, а не се искористени за покривање, односно намалување на искажаната загуба, што не е во согласност со Законот за трговски друштва. Причина за ваквата состојба е долгогодишната пракса која претставува само пренесување на позициите од минати години во Билансот на состојба.

**Препорака:**
На предлог на директорот, Управниот одбор треба да донесе одлука за покривање на загубата.

3.3.8. ЈПКР„ Услуга" Берово на сметката Запишан, а неуплатен капитал-повластени акции има искажано износ на запишан Акционерски капитал - главница во износ од 130 илјади денари, кој потекнува од 1998 година. За истиот нема извршено уплата, а нема и документ за веродостојноста на овој износ од надлежна институција, Централен депозитар. Со оглед на фактот дека јавното претпријатие во Централниот депозитар нема евидентирано сопственост, за овој износ се повеќе искажани средства на јавното претпријатие.

**Препорака:**
Одговорниот сметководител да преземе активности за утврдување на реалноста на оваа позиција.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 3.3.6. е повеќе искажана загуба за износ од 786 илјада денари.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈПКР „Услуга„ Берово на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈПКР „Услуга„ Берово, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**5. Нагласување на прашања на неизвесност**

5.1. Обрнуваме внимание дека ЈПКР „Услуга„ Берово е тужена странка од 2 субјекти, во прекршочна постапка за плаќање глоба во износ од 60 илјади денари, од кој едниот предмет е вратен на повторно одлучување кај првостепениот суд, а за вториот е поднесена жалба до Врховниот суд која е во постапка на одлучување.
ЈПКР „Услуга„ Берово се јавува како тужител на 5 субјекти, правни лица за побарување во вкупен износ од 3.143 илјади денари.
Исто така јавното претпријатие има поднесено тужби за наплата на побарувања од физички лица за неплатени сметки за комуналии во вкупен износ од 16.266 илјади денари од кои 13.892 илјади денари потекнуваат од периодот до 2007 година, за износ од 2.347 илјади денари побарувања од 2008 до 2010 година поднесени се тужби во 2011 година.
Во 2011 година за побарувања кои потекнуваат од 2008 до 2010 година во износ од 150 илјади денари се поднесени тужби на самостојни вршители на дејност, дуќани.

Во моментот конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

5.2. На сметката Останато одложено плаќање на трошоците и приходите во идните периоди, со состојба на 31.12.2010 година се евидентирани, обврски во износ од 10.878 илјади денари кои произлегуваат од Решение на УЈП од 2010 година за одложено плаќање на даночен долг, почнувајќи од 24.02.2013 до 24.02.2023 година, на 120 месечни рати и тоа:

- обврска за ДДВ во износ од 1.029 илјади денари;
- обврска за данок на добивка во износ од 3.473 илјади денари, и
- обврска за персонален данок од 6.376 илјади денари.

Во годините до 2013 година, ваквото решение претставува еден вид олеснување при секојдневното нормално работење, но имајќи предвид дека претпријатието работи со загуба и се соочува со заостанати обврски за исплата на плата и слаба ликвидност, постои ризик од влошување на состојбата со доспевање на овие обврски.

5.3. Во периодот од 2006 до 2010 година во Општина Берово е реализиран инвестиционен зафат, проект „Урбан водоснабдителен и санитарен систем - Берово„ со доделување на грант за финансиска помош, на основа Договор од 2006 година склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарската Конфедерација.

Овие објекти сеуште не се евидентирани во сметководството на јавното претпријатие, иако истите се ставени во функција. Причината поради која не е евидентиран во сметководствената евиденција урбаниот водоснабдителен и санитарен систем – Берово, кај јавното претпријатие, според надлежните е недобиен финален извештај за завршување на проектот во кој ќе бидат наведени објектите и опремата и нивната вредност за кој согласно членот 5 став 5.2. од Договорот, јавното претпријатие треба да обезбеди соодветно функционирање и одржување на опремата, која ќе стане нејзина сопственост.

На завршниот разговор по завршување на ревизјата кој се одржа на 09.09.2011 година со писмо број 03-3459/1 од 09.09.2011 година, од страна на надлежните на јавното претпријатие беше презентиран Преглед на изведените објекти од Швајцарската донација според финален извештај од 30.06.2011 година на вкупна вредност од 439.043 иљади денари (обновување на пречистителна станица за вода за пиење, реконструкција на главен цевовод, резервоар за вода за пиење, главен колектор ЛОТ 1 и ЛОТ 2 и пречистителна станица за отпадни води).

Јавното претпријатие со добивање на финалниот извештај ги има добиено податоците за да изврши евидентирање на овој систем. Со евидентирање на објектите и опремата битно ќе се зголеми состојбата на материјалните средства, односно состојбата на активата на јавното претпријатие.

Скопје, 14.12. 2011 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **ОПИС** | **Образло-жениja** | **2010** | **2009** |
| | | | |
| Приходи од продажба | 3.1. | 31.931 | 32.561 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **31.931** | **32.561** |
| | | | |
| Материјални трошоци | 3.2. | 12.483 | 10.396 |
| Трошоци за бруто плати | 3.3. | 19.644 | 19.030 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.4. | 730 | 827 |
| Останати оперативни трошоци | 3.5. | 2.191 | 2.807 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **35.048** | **33.060** |
| | | | |
| Приходи од учество во вложувања | 3.6. | 480 | 298 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.7. | 51 | 415 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | (2.688) | (616) |
| | | | |
| Вонредни приходи | 3.8 | 2.425 | 1.972 |
| Вонредни расходи | 3.9. | 15 | 836 |
| | | | |
| ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | (278) | 520 |
| | | | |
| **Данок од добивка** | | **9** | **116** |
| | | | |
| ЗАГУБА | | **287** | **404** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2010** | **2009** |
| | | | |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 274 | 775 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 36.538 | 36.865 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 8 | 8 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 474 | 280 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 98 | 98 |
| Залихи | 4.6. | 1.913 | 2.309 |
| **Вкупно тековни средства** | | **39.305** | **40.335** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.7. | 6.217 | 6.595 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.8. | 703 | 703 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **6.920** | **7.298** |
| **Вкупна актива** | | **46.225** | **47.633** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.9. | 3.901 | 3.518 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.10. | 218 | 218 |
| Останати краткорочни обврски | 4.11. | 21.566 | 32.316 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.12. | 11.754 | 1.021 |
| Долгорочни обврски | 4.13. | 967 | 888 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **38.406** | **37.961** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.14. | 14.204 | 14.204 |
| Ревалоризациона резерва | 4.15. | 1.239 | 1.239 |
| Резерви | 4.16. | 11 | 11 |
| Акумулирана добивка | 4.17. | 404 | 404 |
| Пренесена загуба | 4.18. | (7.752) | (6.186) |
| Загуба за финансиска година | 4.19. | (287) | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **7.819** | **9.672** |
| **Вкупна пасива** | | **46.225** | **47.633** |
| | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Премии на капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Непокриена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | 14.204 | - | 11 | 1.239 | 404 | (7.752) | (287) | 7.819 |
| Уплати на акции | | | - | | - | | | - |
| Добивка за финансиска 2010 година | | | | | | | | |
| Загуба за финансиска година | | | | | | (287) | 287 | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | 14.204 | - | 11 | 1.239 | 404 | (8.039) | - | 7.819 |